

# Запирање на насилството во училиштата

Упатство за наставници

Оригиналниот прирачник може да го најдете на:
http://unesdoc.unesco.org/images/0018/001841/184162E.pdf
Дизајн: Кома лаб.
Печат: Винснет Графика
Тираж: 10.500 примероци

# Предговор

,,Запирање на насилството во училиштата: прирачник за наставници" е придонес на УНЕСКО како поддршка на *Образование за сите и Меѓународната декада на Обединетите нации за култура на мир и ненасилство врз децата во светот* (2001-2010). Овој прирачник произлезе од Светскиот извештај за насилство врз децата од 2006 година којшто претставува прв сеопфатен меѓународен напор за испитување на размерите на насилството врз децата, како и неговото влијание. Издаден е во вистинско време, со оглед на тоа што оваа година се одбележува 20-годишнината на Конвенцијата за правата на детето.

Доколку светот сака да ги постигне целите на *Образованието за сите* мора да обрне внимание на насилството во контекст на учењето. Овој прирачник претставува значаен чекор напред во превенцијата и искоренувањето на училишното насилство, а е резултат на огромниот напор направен од страна на голем број експерти, едукатори, заинтересирани страни и релевантни институции за постигнување на оваа цел. Се одржаа бројни состаноци, семинари и конференции за поддршка на развојот на овој прирачник. Меѓу позначајните е експертскиот состанок, ,,Запирање на насилството во училиштата: Што е делотворно?", на кој домаќин беше седиштето на УНЕСКО во 2007 година и IV светска конференција за насилството во училиштата и јавната политика спонзорирана од страна на УНЕСКО, а во организација на Меѓународната опсерваторија за насилството во училишната средина во 2008 година во Лисабон. Научниот комитет на опсерваторијата помогна во подготовката на прирачникот обезбедувајќи драгоцени податоци и процени.

Наставниците и учениците можат да го користат прирачникот за справување со и спречување на насилството. Училишното насилство претставува многу сложено прашање, па затоа е потребно да бидат опфатени бројни фактори. Таквите фактори вклучуваат: потреба од учество на учениците; холистички

пристап со учество на родителите, едукаторите и заедницата; поврзување на политиката, легислативата и практиката; развој на индикатори за насилство; и спремност на средината да се ангажира околу концепти како што се универзалноста на човековите права како дел од приодот базиран на човековите права.

Прирачникот претставува клучна појдовна точка за меѓународната заедница да преземе акција. Цената на неактивноста е многу висока бидејќи последиците од насилството децата ги чувствуваат во текот на целиот живот, се успорува емотивниот и когнитивниот развој, има влијание врз здравјето, однесувањето и на крајот врз целото општество. Ниту една форма на насилство не е оправдана, и секое насилство може да се спречи. Овој прирачник е со цел да доведе до суштински промени со тоа што ќе им помогне на училишните заедници и на пошироката меѓународна заедница да се спротистават на насилството и да применат мерки за негово спречување.

# Вовед

Пренесувањето на знаење е само еден сегмент од работата на наставниците. Тие даваат клучен придонес за емотивниот и когнитивниот развој на децата и имаат централна улога во општествениот развој и промените. И покрај тоа што, за жал, некои деца се жртви на насилство во своите домови, наставникот може да понуди алтернативни начини за живеење со тоа што ќе моделира конструктивно ненасилно однесување и ќе негува емпатија и вештини за мирно решавање на споровите.

,,Запирање на насилството во училиштата: прирачник за наставници" ги истражува разните форми на насилство што се случуваат во училиштата и нуди практични предлози што може наставникот да направи за да го спречи тоа. Понудени се десет подрачја за акција, а секое содржи специфични примери кои наставникот може да ги прилагоди при справувањето со и спречувањето на насилството.

# Видови на насилство во училиштата и нивните последици

Постојат бројни фактори за насилството во училиштата. Овде спаѓаат различните сфаќања за насилството, општествено-економските фактори, животот на ученикот во семејниот дом и надворешната средина на училиштето. На пример, може да постојат големи разлики меѓу културите и општествата во дефинирањето на тоа што претставува насилен чин или средина. Без оглед на културниот или социо-економскиот контекст на училиштето, насилството се случува како во физичка, така и во психолошка форма.

*Светскиот извештај за насилството врз децата** ги идентификува основните форми на насилство на следниот начин:

- физичка и психолошка казна;
- малтретирање;
- сексуално и полово насилство;
- надворешно насилство: ефектите на бандите, конфликтните ситуации, оружјето и тепачките.

Во следниот дел се опишани горенаведените четири форми на насилство во училиштата со последиците по образованието.

*Светскиот извештај за насилството врз децата е одобрен од генералниот секретар на Обединетите нации заради обезбедување на разбирање за природата, степенот, причините и последиците на различните форми на насилство врз децата (физичко, психолошко и сексуално). Тој ги разработува петте основни средини во коишто се случува насилството – семејството, училиштата, институциите за згрижување и домовите, како и објектите за притвор и затворите, работните ситуации и во заедниците и на улиците.

# Физичка и психолошка казна

Комитетот за правата на детето (ЦРЦ) го дефинира телесното или физичкото казнување како казна во којашто се користи физичка сила и којашто, колку и да е лесна, има цел да предизвика одредена болка или непријатност. Во образовната средина во таква казна спаѓа удирањето („шлапнување“, „шлакнување“, „плескање по задникот“) на ученикот со дланката или со алатка. Исто така, тоа може да биде и клоцање, тресење или туркање на

ученикот, гребење, штипење, касање, кубење, удирање по ушите, присилување на ученикот да стои во непријатни позиции, горење, вжештување или насилно миење на устата на ученикот со сапун. Телесната казна, според Комитетот, е крајно деградирачка.

Постојат и многу други нефизички форми на казнување коишто се сурови и понижувачки. Во овие казни спаѓаат омаловажувањето, понижувањето, заплашувањето, заканувањето или потсмевањето на ученикот. Исто така, употребата на физичка сила од страна на лице што е поголемо и посилно дава јасна порака на сила, контрола и заплашување, потврдувајќи го фактот дека чинот на физичка агресија е тесно поврзан со психолошката агресија.

## ПОСЛЕДИЦИ:

Физичкото или телесното казнување остава сериозни последици врз менталното и физичкото здравје на ученикот. Тоа е поврзано со спориот развој на социјалните вештини, депресијата, анксиозноста, агресивното однесување и недостаток на емпатија или грижа за другите. Така, телесното казнување не е само штетно за ученикот или детето врз кое се применува, туку и за наставниците, негувателите и другите ученици и деца бидејќи создава тешкотии коишто тешко ќе се надминат. Телесното казнување, исто така, предизвикува огорченост и непријателство, отежнувајќи ги добрите односи меѓу наставникот-ученикот и ученикот-ученикот во паралелката. Ја отежнува работата на наставниците, тоа е со мали ефекти и е исклучително фрустрирачка. Понатаму, се занемарува наставата со која се поттикнува критичкото размислување кај учениците, донесувањето на здрави морални одлуки, негувањето на внатрешната контрола и решавањето на ситуациите во животот и фрустрациите на ненасилен начин. Ваквото казнување на учениците им покажува дека употребата на сила – дали е таа вербална, физичка или емотивна – е прифатлива, особено кога се применува врз помлади, послаби поединци. Овој начин на казнување води кон сè поголем број на инциденти на малтретирање и кон општо насилство во училиштата.

# Малтретирање

Се смета дека еден ученик е малтретиран кога подолго време е изложен на агресивно однесување коешто намерно предизвикува повреда или непријатност преку физички контакт, вербални напади, тепачки или психолошка манипулација. Во малтретирањето спаѓа нерамноправната сила која вклучува задевање, исмејување, употреба на навредувачки прекари, физичко насилство или социјално исклучување. Децата може да учествуваат во малтретирањето сами или во група на врсници. Малтретирањето може да биде директно, на пример кога едно дете изнудува пари или предмети од друго дете, или инидректно, како на пример кога група ученици шири невистини за друго дете. Сајбер- малтретирањето претставува вознемирување преку и-меил, мобилни телефони, текст пораки и погрдни веб-страници.

Децата се почувствителни доколку имаат некој недостаток, манифестираат поинакви сексуални афинитети или, пак, потекнуваат од малцинска етничка или културна група или имаат одредено социо-економско потекло. Малтретирањето понекогаш резултира во фатални физички напади.

## ПОСЛЕДИЦИ:

И кај децата кои малтретираат и кај жртвата циклусот на насилство и застрашување доведува до поголеми потешкотии кај личноста и слаб успех во училиштето. Поверојатно е дека учениците кои се малтретирани се депресивни, осамени или анксиозни и со низок степен на самопочит од нивните врсници. Децата кои учествуваат во малтретирање други деца често делуваат агресивно поради сопствените фрустрации, понижувања, бес и како резултат на изложеност на потсмев од социјалната средина.

# Сексуално и родово  насилство

Родовото базираното насилство може да биде психолошко, физичко и/или сексуално и се однесува на наметнувањето или истакнувањето на нееднаквата моќ меѓу половите.  Родовото насилство се применува со цел активно да се истакнат родовите нееднаквости, стереотипите и социјално наметнатите улоги.  И покрај тоа што девојчињата се почесто изложени на сексуално и родово насилство, сепак и момчињата се  изложени на опасност.

Родовото  насилство во училиштата може да биде физичко, како на пример телесно казнување на девојчиња коишто не се однесуваат ‚женствено'.  Може да биде сексуално, како на пример силување. Може да биде вознемирување или искористување од страна на други ученици, наставници или училиштен персонал, или може да биде психолошко, како на пример обвинување на жртвата на силувањето.  Понекогаш ова насилство е во форма на казнување или засрамување на учениците поради нивниот пол или сексуална определба.

## ПОСЛЕДИЦИ

Податоците коишто се однесуваат на изложеноста на учениците на сексуално насилство во училиштата се ограничени, поради тоа што жртвите не го пријавуваат чинот на сексуално насилство од страв дека ќе бидат посрамотени, жигосани, нема да им веруваат или дека ќе им се одмаздат.

Сексуалниот напад и другите форми на родовото насилство се значајни фактори за малата стапка  на запишани и високата стапка на отпишани девојчиња.  Родовото насилство не само што ги обесхрабрува девојчињата да одат на училиште, туку и родителите може да им забранат на своите ќерки од страв дека и тие ќе станат жртви.  Сексуалното насилство врз момчињата во училиштето може да предизвика срам бидејќи тоа е често пати табу-тема.

Сексуалното и родовото насилство ги изложува учениците на опасност од заразни болести коишто се пренесуваат по сексуален пат, од несакана бременост, на низок степен на

самопочитување и намален успех на училиште. Тоа, исто така, има последици врз семејството и заедницата.

# Надворешно насилство: ефектите на бандите, конфликтни ситуации, оружје и тепачки

Насилството што се случува надвор од училишната средина, како што се насилството на бандите, полициските конфликти, полициската бруталност и домашното насилство често пати се репродуцира во училишната средина.

Насилството на бандите опфаќа тепање, бодење со нож и пукање и има тенденција да биде пожестоко, дури и смртоносно, споредено со другите форми на насилство во училиштата, особено кога е поврзано со недозволена трговија на наркотици. Политичката нестабилност и конфликтите, вклучувајќи ја и полициската бруталност се, исто така примери на надворешно насилство коешто има огромно влијание врз природата на насилството во училиштата.

Надворешното насилство во заедницата што го опкружува училиштето може да го вовлече и училиштето, а тоа резултира во носење оружје и зголемен број на чинови на насилство. Учениците може да носат оружје бидејќи се чувствуваат загрозени или, пак, бидејќи пушките и оружјето се прифатени како дел од секојдневниот живот на заедницата. Тепачките обично претставуваат конфликт во кој не е лесно да се направи разлика меѓу насилникот и жртвата. Малтретирањето може да доведе до тепачка, со или без оружје.

## ПОСЛЕДИЦИ

Кога учениците се вклучени во банди или живеат во заедниците во коишто бандите и дрогата се дел од начинот на живеење, тоа може да доведе до тепачки, оружје и насилство поврзано со дрога во рамките на училиштето

Конфликтните ситуации може да ја намалат способноста на ученикот за учење и присуство на училиште. Конфликтите, исто така, може да имаат влијание и врз училишната инфраструктура, примањето на квалификувани наставници и дистрибуцијата на и достапноста со наставни материјали. Од извештаите од земјите во конфликт утврдено е дека конфликтната ситуација ги изложува учениците на насилство, зголемувајќи го ризикот тие да бидат жртви во и надвор од училиштето.

# Десет активности за запирање на насилството во училиштата

Овој дел нуди десет подрачја за акција со соодветни практични примери, дизајнирани за наставниците за да можат да се справат со и да го спречат насилството во училниците и училиштата. Некои се основни активности коишто наставниците треба веднаш да ги применат во училницата, како што е употребата на конструктивна дисциплина и елминирањето на телесното казнување. За другите е потребно поголемо учество на училишниот кадар и на заедницата, како на пример применувањето на безбедносни механизми во училиштето.

Во секое акционо подрачје е дадена една комплементарна активност во училницата којашто наставникот може да им ја предложи на учениците. Овие активности во училницата имаат за цел да им помогнат на учениците во создавањето и одржувањето на похармонична интеракција со нивните соученици и наставниците. Тие можат да бидат презентирани од страна на наставникот како дел дискусијата во класот или може да се употреби како почеток на идни креативни активности, како што е играње на улоги или натпревари за правење на постери. Со давањето на специфични насоки на учениците коишто ги дополнуваат практичните активности на наставникот, може да се стимулира дијалог меѓу наставникот и ученикот.

Овие десет акциони подрачја за наставниците и учениците не претставуваат начин за спречување на насилството во училиштата. Тие служат како помош за развој на ненасилна училишна култура и треба да бидат прилагодени на секоја училишна средина по пат на постојан дијалог меѓу наставниците и учениците, како и директорот на училиштето, советниците, лидерите во заедницата и здруженијата на родителите. Позитивната, без казни и без насилство училишна средина им ги обезбедува правата на сите – како на наставниците така и на учениците.

# 1. Застапувајте холистички приод со учениците, училишниот кадар, родителите и заедницата

- **Зборувајте со училишниот директор, стручната служба, колегите, учениците, родителите и водачите во заедницата за да дојдете до заедничко разбирање за проблемот на насилство во вашето училиште.** Наставниците не можат сами да го спречат насилството во училиштата. Целата училишна заедница треба да се здружи за да постигне договор за донесување на силна и јасна порака дека насилството, сексуалното малтретирање, малтретирањето и нетолеранцијата се неприфатливи во училишната средина. Кога сите ќе станат свесни за различните начини на кои се појавува насилството, за неговото влијание и за луѓето коишто се загрозени, ќе биде многу полесно да се најде решение.
- **Помогнете му на вашето училиште да развие план за акција во соработка со сите горенаведени субјекти, како и со здравствените стручњаци, спроведувачите на законот, бизнис и другите клучни групи во заедницата.** Плановите за спречување на насилството кои се развиени со широка консултација и соработка имаат поголеми шанси да успеат отколку оние што се изготвени од страна на само една група на професионалци.
- **Гледајте на кој начин може вашето училиште да ги намали ризичните фактори**, на пример со обезбедување на добро осветлена физичка средина или со тоа што ќе ги учите учениците на вештините за решавање на конфликтите без употреба на насилство. Намалувањето на можностите за насилство и давањето на алатките на учениците за спречување на насилството се, исто така, клучни во создавањето на безбедно училиште.

**Активности во училницата:** Замолете ги учениците да разговараат за училишното насилство еден со друг, со нивниот наставник и со стручната служба. Кој е загрозен и како? Кому во училиштето и во заедницата може да се обратите за помош? Направете список на лица и организации коишто можат да помогнат во спречувањето на училишното насилство и разговарајте на кој начин може да се дојде до нив.

# 2. Направете ги учениците ваши партнери во спречувањето на насилството

- **Во училишниот курикулум вклучете образование за човековите права и мир.** Учете ги учениците за нивните права, како и за правата на нивните врсници, наставници, членовите на семејството и членови на нивната заедница. Можете да ги учите за човековите права и правата на децата преку приказни, дебати, играње улоги, игри и актуелни настани и во сите нив учениците се ангажирани да прават анализи и да го применуваат своето знаење за човековите права во реалноста на нивното училиште и заедницата.
- **Користете ги верзиите за учениците од Универзалната декларација за човекови права и од Конвенцијата за правата на детето во печатена и електронска форма.** И во двата документи е зацртано правото на секој човек на образование и правото да расте и учи во безбедна средина. Разговарајте за овие документи со вашите ученици и обидете се да изнајдете начин како правата на секој ученик да бидат почитувани, тој да биде заштитен и почитуван во училницата.
- **Задолжете ги учениците да ги постават правилата и одговорностите во училницата.** Замолете го класот да напише кодекс на однесување заедно со вас за тоа кои дејства се во ред, кои дејства ќе ги повредат другите или ќе го нарушат редот во паралелката и кои активности се битни да можете да предавате, а учениците да можат да учат во мирна средина. Заедничкото пишување на кодексот на однесување ги става во јасна позиција правата и одговорностите на сите и го зголемува учеството на учениците.

**Активности во училницата:** Замолете ги учениците да разговараат со вас и меѓу себе за тоа што е насилно однесување, а што не е. Кои специфични права не се почитуваат во чинот на насилство? Предложете начини со кои ќе се крене свеста за човековите права во училиштето и промовирајте почитување на разликите, на пример преку дебати, настава во природа, игри, играње на улоги и раскажување приказни.

## 3. Користете конструктивни дисциплински мерки и методи

- **Правилата во училницата треба да бидат позитивни, инструктивни и кратки.**

  Кога ќе се изготват правилата, списокот треба да содржи најмногу пет или шест правила. Списокот треба да биде едноставен и концизен. Правилата треба да бидат позитивно поставени, а не негативно, јасно да ги насочуваат учениците како да се однесуваат, а не како да не се однесуваат. Внимавајте да не бидат спротивни на општата училишна политика.

- **Применувајте позитивна поддршка.**

  Поддржете го конструктивното однесување преку контакт со очите, климнување со главата или со насмевка. Може да ги наградите учениците и со дополнителни кредитни поени или дополнителни пет минути игра на крајот на денот. За учениците особена награда претставува доколку пред нив споменете постигнат успех. Може да номинирате група којашто најдобро се однесувала таа недела и да го истакнете името на таа група на видно место во училницата. Кога се користат такви признанија тогаш тие треба да бидат директни и мали, но сепак наградувачки.

- **Применувајте дисциплински мерки што се поучни, а не казнени.**

  Треба да бидете сигурни дека кога применувате дисциплинска мерка кон некој ученик, таа мерка да биде фокусирана на лошото однесување на ученикот и влијанието на таквото однесување, а не на самиот ученик. Зависно од природата на лошото однесување некои дисциплински мерки можат да бидат следните:

  - одвојте време по наставата или за време на одморот да разговарате за лошото однесување – зошто настанало и што треба да се преземе за да се поправи;
  - побарајте од ученикот да се извини;
  - сменете ги местата;
  - испратете порака до родителите или посетете ги дома;
  - анализирајте ја сериозноста на ситуацијата и, зависно од ситуацијата, одлучете дали ќе го пратите ученикот кај директорот на училиштето.

**Активности во училницата:** Предложете им на учениците да формираат клуб против насилство. Можете да им помогнете да организираат активности за промовирање на мирна кампања и безбедна училишна средина за сите.

# 4. Бидете активна и ефективна сила за запирање на малтретирањето

- **Работете заедно со наставниците, претставниците на учениците, училишниот кадар и членовите на заедницата за развој на заедничка дефиниција за малтретирањето за да можат сите да се залагаат за истите очекувања.** Во малтретирањето спаѓаат:
  - физичко малтретирање: удирање, клоцање, туркање, давење, боксирање;
  - вербално малтретирање: заканување, исмејување, задевање, говор на омраза;
  - социјално исклучување.

- **Постојано истакнувајте ги последиците од вербалната и физичката агресија.** Ефективни последици:
  - се мали, за да можат да се користат постојано;
  - ја зголемуваат строгоста при повторувањето на агресивното однесување;
  - се предвидливи и директни;
  - се базираат на истите очекувања од сите ученици.

  Обично консеквенците вклучуваат губење на слободното време, како на пример пауза, ручек со соучениците или вонnаставни активности.

- **Поттикнувајте ја стручната служба или кадарот да пружаат советодавни услуги на силеџиите паралелно со имплементацијата на консеквенците.**
  Поддржувајте ги учениците коишто се мета на малтретирање. Поттикнете ги да разговараат со наставниците и стручната служба, а исто така, работете со родителите, учениците и кадарот за да ги заштитите да не станат повторно жртва на малтретирање.
- Поддржете ги и подучете ги набљудувачите да им кажат на возрасните, поддржете ги тие што се цел на малтретирање и

спречувајте го малтретирањето. Еден начин ова да се постигне е преку посредништво на соучениците и преку програмите за решавање на конфликти коишто ги обучуваат учениците да се поддржуваат, да ги пријават чиновите на малтретирање и учат стратегии за решавање на конфликти.

- Одадете признание и благодарност на активностите на учениците што се поддржуваат меѓу себе за да го спречат малтретирањето. Подеднакво е битно да се обезбеди тие што пријавуваат малтретирање да бидат заштитени од одмазда.

**Активности во училницата:** Замолете ги учениците да разговараат со вас и меѓу себе за тоа што е насилно однесување, а што не е. Кои специфични права не се почитуваат во чинот на насилство? Предложете начини со кои ќе се крене свеста за човековите права во училиштето и промовирајте почитување на разликите, на пример преку дебати, настава во природа, игри, играње на улоги и раскажување приказни.

# 5. Градете издржливост кај учениците и помогнете им конструктивно да одговорат на предизвиците во животот

- **Градете издржливост кај учениците и способност успешно да се справат со секојдневните предизвици, стресови и несреќи со тоа што ќе им помогнете да изградат позитивни односи со другите.** Зголеменатаиздржливост ја намалува можноста ученикот да реагира со насилство или да биде жртва на него. Наставниците коишто демонстрираат социјално, конструктивно однесување, ги насочуваат и нудат заштита, ја зголемуваат издржливоста на учениците со тоа што покажуваат позитивни, алтернативни начини со коишто може да се одговори на животните предизвици. Таквите наставници претставуваат модел за позитивни односи.
- **Вклучете го вашето училиште во програма за образование за мир заради градење на вештини за решавање на конфликти.** Програмите за образование за мир им овозможуваат на учениците да сфатат како настанува насилството, да развијат способности конструктивно да одговорат на насилството и да научат кои се алтернативите за насилство.
- **Поттикнете го вашето училиште да востанови училишна советодавна програма.** Стручните служби можат да ги поддржат

учениците да се справат со тешкотиите во нивниот живот и да интервенираат превентивно. Тие можат да ги поддржат наставниците, училишниот кадар и учениците во спречувањето на и справувањето со насилството на начин што:

- ќе делуваат како посредници во ситуации коишто се чини дека ќе ескалираат во насилство;
- ќе помогнат да се постигне мирно решение пред една ситуација да прерасне во физичко насилство;
- ќе работат како со жртвите, така и со насилниците и ќе пружаат психосоцијална поддршка;
- ќе промовираат проактивни програми дизајнирани да решаваат прашања како што се малтретирањето, злоупотребата на дрога и активности на бандите.

- Организирајте игри со вашите ученици за спречување на конфликти. Замолете ги учениците да одглумат една ситуација, како на пример ,,Што ќе се случи ако се соочиш со насилник? Што ќе направиш?" Преку создавајње реални ситуации учениците учат како да се справат со стресни, непознати или комплексни ситуации. Исто така, организирајте игри во кои ученикот ќе игра нова улога, односно улога во која можат да се најдат другите ученици, со цел да се поттикне сочувствување. Замолете ги учениците да зборуваат за тоа како се чувствувале и кои решенија биле успешни.
- Посочете им на учениците дека насилните дејства и зборови, без оглед колку и да се небитни, нема да се толерираат. Постојаното спроведување на дисциплински мерки по некој прекршок направен на училиште претставува јасна порака до учениците дека злоупотребата и непочитувањето на правата на поединецот е недопустливо.

**Активност во училницата:** Организирајте активности за играње улоги во кои учениците ќе глумат жестоки конфликти. Замолете ги учениците да разговараат за секој конфликт и да најдат начини за нивно мирно решавање.

# 6. Бидете позитивен пример со тоа што гласно ќе се спротиставите на сексуалното и родовото насилство

- **Водете сметка за родовите предрасуди.** Тие поттикнуваат родова дискриминација. Понекогаш ставот на наставниците кон момчињата е поинаков од оној кон девојчињата. На пример, некои од нив сметаат дека момчињата се подобри во математика или „природно интелигентни“, додека девојчињата ги сметаат за „тивки и трудољубиви“. Прекинете ја низата на стереотипите и различните очекувања од девојчињата/жените и момчињата/мажите. Кренете ја свеста за родовите предрасуди во училницата и поттикнете ги вашите колеги да го направат истото. Момчињата се како извршители, така и жртви на сексуалното насилство во училиштето, така што наставниците не треба да бидат исклучиво фокусирани на женските жртви.
- **Потрудете се вашата интеракција со момчињата да биде слична на онаа што ја имате со девојчињата.** Нискиот степен и/или квалитет на интеракција на наставникот со девојчињата може да ја намали нивната самопочит и самодоверба што, од друга страна, ја зголемува можноста тие да бидат жртви. Еден начин да се поттикнат девојчињата да учествуваат во паралелката е да се поделат учениците во групи за дискусија во кои девојчињата ќе бидат во мнозинство во групата или групите. Обично девојчињата послобно се изразуваат кога се во група со други девојчиња.
- **Залагајте се вашето училиште да востанови програма за обука на наставниците, учениците и заедницата заради разбирање, идентификување и решавање на случаите на сексуално и родово насилство.** Обуката треба да ја зголеми свеста за родовите предрасуди коишто претставуваат основа за родовото насилство и да ја направи врската меѓу насилството против девојчињата во училиштето и намалениот број на девојчиња што посетуваат настава и го напуштаат школувањето.
- **Помогнете му на вашето училиште и на заедницата да ја согледаат потребата да се заштитат девојчињата и жените во училишната средина.** Во конфликтни и постконфликтни ситуации девојчињата и жените се особено чувствителни на насилство.
- **Залагајте се за обука на училишниот кадар за спречување на сексуално и родово насилство и за поголема застапеност на жените во раководните структури.** Кадарот обучен да ги детектира и поддржи жртвите на сексуално и родово насилство

помага да се спречи насилството. Вклучувањето на жените во раководните структури помага во поддршката на жртвите и ги поттикнува да го пријават сексуалното насилство.

- **Прекинете го молкот.** Проговорете гласно против насилството и добро искористете ги механизмите за известување. Поттикнете ги колегите и учениците да ги посочат извршителите на насилство во и надвор од училиштето.

**Активности во училницата:** Повикајте ги учениците да одбегнуваат да се навредуваат и задеваат, особено во однос на сексуалните разлики. Секој е различен, но сите сме еднакви!

# 7. Залагајте се за безбедносни механизми во училиштето

- **Поддржете и настојувајте училиштето да има силно и ефективно раководство.** Битно е тоа да работи со наставниците и образовните власти за да се развие и имплементира политика со којашто се елиминира злоупотребата на сила, насилните активности во нивната почетна фаза и да се изгради заедница на доверба во училиштата.
- **Помогнете му на вашето училиште да востанови кодекс на однесување базиран на правата** којшто го признава правото на секој да учи и поучува во безбедна училишна средина, да пријавува чинови на насилство без одмазда и да учествува во донесувањето одлуки.
- **Залагајте се за механизми за пријавување што ќе ги поттикнат учениците да проговорат против насилството.** Службите за пријавување треба да пружаат поддршка, да сочувствуваат и да бидат доверливи.
- **Сериозно сфаќајте ги поплаките на учениците за насилство и имајте ја на ум нивната благосостојба.** Тоа значи да дадете соодветна тежина на она што ученикот го зборува и да не ја минимизирате ситуацијата.

**Активности во училницата:** Предложете да се организираат сесии за разговор со наставниците, учениците, училишниот директор и стручната служба заради востановување на училиштен кодекс за однесување на сите во училиштето.

# 8. Обезбедете безбедни места и места каде што учениците ќе бидат добродојдени

- **Спроведете вежби за мапирање со учениците за да ги идентификувате местата во училиштето коишто се безбедни, опасни и кога учениците се изложени на најголем ризик.** Училишниот кадар треба, исто така, да биде запознаен за темните агли, лошо осветлените места, скалилата и тоалетите коишто се без надзор, а коишто претставуваат опасност за учениците од сексуална или физичка злоупотреба.
- **Укажете на потребата од издвоени и безбедни тоалети за девојчињата и жените.** Една едноставна, но значајна причина зошто девојчињата не посетуваат училиште е недостатокот на безбедни и чисти тоалети и други простории кои овозможуваат приватност.
- **Работете заедно со останатиот кадар училишните игралишта да бидат безбедни со тоа што ќе се обезбеди присутност на возрасни коишто ќе ги надгледуваат учениците.** На учениците им требаат безбедни места за игра меѓу и по часовите.

**Активности во училницата:** Предложете да се започне кампања за безбедна училишна средина со тоа што ќе ги идентификувате местата во училишниот круг што се неосветлени и небезбедни.

# 9. Научете вештини за спречување на насилството и решавање на конфликти и поучете ги учениците

- **Обучете се за решавање на конфликтите без насилство, за приодот на класното раководство базиран на човековите права и за образование за мир.** Замолете го директорот или лицата во локалните канцеларии на Министерството за образование за можностите за обука. Во Анекс II може да најдете дополнителни информации за материјалите кои нудат практични начини за спречување и решавање на конфликти во училиштата.
- **Обидете се да користите техники за посредништво во конфликти и поучете ги учениците како да ги користат за решавање на сопствените конфликти.**

- **Научете ги учениците на вештини за преговарање** коишто ќе им овозможат:
  (а) да го дефинираат конфликтот („За што се расправаме? Зошто и како се појави овој проблем?");
  (б) да разменуваат ставови и предлози („Сметам дека треба да биде вака бидејќи...");
  (в) да ја разгледаат ситуацијата од двете перспективи (на пример, преку играње на улоги или водење дебати);
  (г) да одлучат за опции во кои и двајцата ученици ќе излезат како ,победници' („Ќе се обидеме на твојот начин денес, а утре на мојот, па ќе видиме кој начин е подобар.");
  (д) да постигнат разумен договор.

- **Научете ги учениците како да посредуваат за постигнување на конструктивно решение на конфликтот на нивните соученици.**

- **Изберете проблем кој може да се појави или се појавил меѓу вашите ученици.** Замолете двајца ученици да го одглумат проблемот, а трет ученик да им помогне да дојдат до решението. Дајте му инструкции на третиот ученик да ги користи сознанијата што го има за своите соученици и за проблемот и да предложи што тој смета дека ќе биде добар компромис.

- **Откако сите ученици ќе ги совладаат вештините за преговарање и посредување, секој ден определете по двајца ученици, по можност едно девојче и едно момче, да бидат официјални медијатори/мировници.** Ова правете го сè додека сите ученици не ги совладаат техниките на медијаторство. Улогата на официјалните медијатори е да посредуваат во спорови коишто не можат да ги решат инволвираните страни.

**Активност во училницата:** Помогнете им на учениците да посредуваат во споровите меѓу нивните соученици. Секоја недела определете по еден мировник за да можат сите да ги научат и да ги практикуваат вештините за решавање на спорови и преговарање.

# 10. Согледајте го насилството и дискриминацијата на учениците со инвалидитет и против оние што припаѓаат на социјалните, малцинските и другите маргинализирани заедници

- **Можеби ќе треба на другите ученици да им ги објасните причините зошто некои деца се однесуваат поинаку**, имаат тешкотии во учењето или се ограничени во спортски и други физички активности поради нивните ментални и физички недостатоци и тешкотии во учењето. Потенцирајте дека сите членови на класната заедница се разликуваат меѓу себе, а тоа е она што ги прави уникатни. Разликите треба да се почитуваат. Секој има право да биде почитуван за тоа што е. Слични активности треба да се спроведат на родителските состаноци.
- **Обидете се да ги идентификувате предрасудите или сфаќањата што можете вие или вашите ученици да ги внесете во паралелката.** Замолете ги учениците критички да размислуваат за сфаќањата или стереотипите со кои се раководат во својот однос кон оние коишто се разликуваат од нив. Моделирајте го однесувањето што би сакале да го негуваат вашите ученици.
- **Веднаш проговорете ако слушнете дискриминаторски забелешки.** Зборувајте со учениците за тоа колку може да повреди зборот. Внимавајте да не дојде до физичко насилство. Колку и да се мали шансите за такво нешто, физичкото насилство ги придружува дискриминаторските и расистичките дофрлувања.
- **Проверете го курикулумот и учебниците. Дали тежнеат кон развивање на разбирање меѓу различните култури во општеството?** Дали градат разбирање за различностите и поттикнуваат соживот?
- **Одбегнувајте да правите од поединци гласноговорници за одредена културна или етничка група.** Единствено што ќе се постигне со „етикетирањето" е да бидат изолирани од останатата популација на ученици. Нивното интегрирање во класот ќе ја зголеми свеста за позитивните вредности на различноста.

**Активности во училницата:** Замолете ги учениците да се однесуваат со своите соученици онака како што сакаат тие да се однесуваат со нив, особено со оние коишто се разликуваат од нив, кои потекнуваат од друга култура или имаат ограничувања во физичките и менталните способности. Потсетник: Разликите треба да се почитуваат и секој има право да биде различен!

Заеднички проект на Обединети нации
за Превенција на домашното насилство
поддржан од УНИЦЕФ, финансиран од
Холандската влада

unicef

Биро за развој на образованието
на Република Македонија

Алгоритам центар